## ПРЕДГОВОР

Материјата што ќе биде образложена во докторскиот труд претставува разработка на проблематика од областа на меѓународните кредитни аранжмани, како фактор за поттикнување на економскиот раст и развој на РМ. Целта на оваа научноистражувачка работа е да се истакне актуелноста на овој проблем, бидејќи голем број земји од светот се соочуваат со недостиг на сопствена акумулација за обезбедување на неопходната ликвидност во меѓународните плаќања и за поддршка на економскиот раст и развој. Трудот ќе обработува релевантни прашања од областа на кредитирањето, како сегмент на макроекономската политика. Иако материјата, којашто е предмет на истражување, е обемна и разновидна, сепак, прашањата и проблемите од областа на меѓународното кредитирање се обработени на наједноставен и концизен начин , со посебен осврт на РМ. Разработката на оваа проблематика во рамките на македонскиот економски систем ги зема предвид сите специфичности и карактеристики на целокупното стопанство во РМ, како и законската регулатива, врз којашто се темели кредитната политика на земјата.

Материјалната компонента на економскиот раст и развој на една национална економија и остварувањето на нејзината тековна економска политика и надворешнотрговските трансакции најтесно се поврзани со развојот на надворешно економските односи со странство. Тоа не може да се одвои од проблематиката на финансирањето и користењето на странските средства, бидејќи странската акумулација (меѓународното кредитирање), чија цел е поттикнување на домицилниот динамичен економски раст и развој, е објективна нужност.

Ова особено важи за стопанскиот развој на младите национални економии, односно за развој на недоволно развиените земји, во кои има хроничен недостиг на финасиски средства, што се ублажува со надворешна помош - прилив на странски капитал, како катализатор на вкупните економски и стопански текови на тие земји.

Со други зборови, просперитетот на една земја, што нема доволно сопствена акумулација за својот економски раст и развој, ќе зависи од тоа колку таа е во можност да обезбеди дополнителни парични средства. Праксата покажува дека најсоодветен и најпримамлив начин за обезбедување дополнителна акумулација, покрај останатите форми на прилив на капитал, е одобрувањето и користењето кредити, бидејќи со нив се овозможува дополнителен девизен прилив и зголемени девизни резерви, особено во земјите со дефицит во платниот биланс.

Кредитните аранжмани воопшто се дефинираат како еден од облиците на трансфер на странската акумулација од една во друга национална економија, односно како инструмент со кој се дополнува недостигот на сопствената акумулација и се зголемува куповната моќ на земјата-корисник.

Кога станува збор пак за успешноста и ефектуираноста на кредитните аранжмани, од аспект на сигурноста во враќањето на позајмените средства, тогаш земјите-позајмувачи, односно меѓународните финансиски институции a priori ја анализираат состојбата во врска со билансите на плаќања и ја следат вкупната економска состојба на земјата - корисник на кредитот.

Појдејќи од теоретските аспекти на кредитните аранжмани и нивниот развој во меѓународната заедница, преку методологијата на истражување што се применува во овој труд, се обработуваат институциите и формите на кредитирање, односно нивното значење воопшто, како поттикнувачи на економскиот раст и развој.

Како методи во оваа научноистражувачка работа, што користат за изведување соодветни заклучоци и анализи се применуваат:

- индуктивно-дедуктивниот метод;
- методот на компаративна анализа;
- статистичкиот метод;
- методот на анализа и синтеза и др.

Истражувањето, за крајна цел ќе има, анализа на состојбите во РМ, предусловите за нејзинот натамошен развој, посочувањето на неискористените потенцијални можности и домени на македонското стопанство, утврдувањето на приоритети за вложување на средствата од обезбедените меѓународни кредитни аранжмани, а се со цел да се добијат најголеми ефекти, во согласност со меѓународната практика.

Ако поединечно се направи осврт на примената на разните видови методи во оваа научноистражувачка работа, тогаш може да се даде образложение со неколку зборови за секој од нив. Имено, користењето на синтетичкиот приод во излагањата се со цел анализирање на меѓународните институции и нивното значење при обезбедувањето на дополнителната акумулација на финансиски средства. Дефинирајќи ги овие институции како партнери во меѓународните кредитни аранжмани на РМ, уште подлабоко се навлегува во анализата на проблематиката, односно се врши разработка на кредитните аранжмани одобрени во нашата земја и нивните ефекти во поттикнувањето на економскиот раст и развој.

Елаборациите на проблематиката што е предмет на оваа научноистражувачка работа ја наметнува потребата од користење и на методите на анализа и синтеза, како основни методи преку коишто ќе бидат разгледувани меѓународните кредитни институции и нивното кредитирање во светот, а сето тоа ќе доведе до соодветни заклучоци за критериумите што се присутни при одобрувањето на кредитните линии. Ваквиот приод треба да помогне во разработката на еден важен сегмент, без кој не може да се замисли кредититањето, а тоа е банкарскиот систем на земјата - корисник на кредитите. Ако се утврди дека тоа е значајно сознание за секоја земја - корисник на кредитните линии, тогаш преку овој метод натаму може да се анализира можноста за нивно вложување во РМ. Имено, за да се обезбеди успешно искористување и вистинска алокација на меѓународните кредити во стопанството на РМ, пред се мора да се познава банкарскиот систем, неговата генеза, неговите сегашни слабости, потребата од трансформација и сл.

Користењето на методот на компаративна анализа се однесува на согледувањето на меѓународните кредитни аранжмани во другите земји од светот. Методот на компарација е неопходност, пред се, заради презентирање на искуствата од другите развиени или неразвиени национални економии, заради нивна примена во соодветната национална економија. Компаративниот методски приод треба да помогне во утврдувањето, како на заедничките карактеристики на сите земји, што користат странска дополнителна акумулација, така и на поодделните специфичности, што ги карактеризираат кредитите. Ако ваквите споредбени показатели се анализираат и компарираат со показателите на РМ, тогаш со помош на овој методолошки приод треба да се дојде до определени сознанија, што ќе можат да се применат во нашата земја, односно искуствата од другите земји да се прилагодат на соодветните специфичности што ја карактеризираат РМ.

Секако дека научноистражувачката работа од овој вид ја наметнува потребата од користење и на статистичкиот метод. Иако со него се добиваат квантитативни показатели, употребата на статистиката ќе овозможи да се согледаат компаративните индекси на кредитните аранжмани. Преку следењето на индексните големини ќе се согледа трендот на движење на ефектите на кредитните аранжмани, како врз вкупната макроекономска политика, така и врз секој нејзин сегмент. Графичките прикази, со индексни големини и базни периоди треба да ги дадат квантитативните показатели, за остварените ефекти од склучувањето на креитните аранжмани, но и да посочат на идните трендови на движење.

Меѓутоа, во овој труд не се пристапува кон примена на индуктивно-дедуктивниот метод, како паралелен метод на истражување. Овие методи се користат за истражување на проблематиката во смисла на анализирање на целите, односно мерките и нивното остварување во макроекономската политика, а натаму и поединечното влијание на секој сегмент во склучувањето на кредитните аранжмани. Ако примената на дедуктивниот метод треба да даде општи ориентации и согледувања на влијанијата (позитивни и негативни) на кредитните аранжмани за раст и развој на економијата во една земја воопшто, тогаш индуктивниот метод треба да овозможи изнаоѓање на оние мерки и инструменти што ќе влијаат врз конкретните сегменти на макроекономската политика за склучување кредитни аранжмани.

Овде мора да се нагласи дека, иако поединечно се разгледува користењето на секој од овие методи во методолошкиот концепт, сепак, ниту еден од нив не може да се применува сам за себе, бидејќи комплексноста на проблемот, што е предмет на истражување, бара сеопфатен приод во анализата и примената на повеќе методи истовремено. Тоа се нагласува заради издржаноста во формулирањето на моделите и насоченоста во склучувањето на кредитните аранжмани.